# ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВО НА ГРАДЕЊЕ И ЗАЕДНИЧКА ГРАДБА

# (СОИНВЕСТИТОРСТВО)

**Склучен на ден 01/02/2024 година**

Број на договор: web-02-1-24

1. Друштво за градежништво , производство и услуги **БВ ИНЖЕНЕРИНГ Битола ДООЕЛ** со седиште на ул.Елпида Караманди бр.13 згр.1 локал 10, во Битола со ЕМБС 5655455 и ЕДБ 4002002151330 застапувано од овластено лице управител Крсте Неделковски од Битола со адреса на живеење ул.Димче Лахчански бр.70/7 во Битола од една страна како пренесувач на право на градење прва договорна страна (само **ИНВЕСТИТОР**)

2. Друштво за градежништво , производство и услуги **СМАРТ ИНВЕСТ ГРОУП ДОО Скопје** со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.60 Б Скопје - Центар, со ЕМБС 7685076 и ЕДБ 4080023615957 застапувано од овластено лице управител Симе Василевски од Скопје со адреса на живеење улАлексо Демниевски 9 бр.21 во Скопје-Ѓорче Петров од друга страна како стекнувач на правото на градење како втора договорна стана (само **КОИНВЕСТИТОР број 1**)

3. __Ilija Dimovski__
Трета договорна страна (само **КОИНВЕСТИТОР број 2**) Како договорни страни преку платформата СИ ГРОУП.МК сопственост на **СМАРТ ИНВЕСТ ГРОУП ДОО Скопје** го склучија следниот договор

**Член 1**

Предмет на овој договор претставува уредување на меѓусебните права и обврски во врска со склучувањето на договор за пренесување на правото на градење и заедничка градба помеѓу инвеститорот и коинвеститорот со цел заедничка изградба на инвидуална стамбена зграда на градежно земјиште опишана во ИЛ 95957 за КО Битола ½.
-КП 17595 дел 203 место викано ХЕРАКЛЕЈА кк.гз, гнз со вкупна површина од 858 м2.

**Член 2**

(1) Вредноста на целокупната инвестиција за изградба на инвидуална стамбена зграда изнесува 613.368.00 (евра) во денарска противредност.

(2) Рокот на изградба на оваа инвидуална стамбена зграда е определен од 10/01/2023 година до 05/01/2025 година.

**Член 3**

Врз основа на овој договор и општите услови за користење на платформата си гроуп . МК коинвеститорот бр.2 инвестира договорен износ од __ 9,022,111__ денари , со што коинвеститорот бр.2 стекнува право за примања на плаќања согласно амортизационене план прилог на овој договор. Општите услови и правила на платформата СИ ГРОУП.МК се обврзувачки за договорните страни и се дел од овој договор.

**Член 4**

Коинвеститорот бр.2 е согласен на ж-ка на коинвеститорот бр.1 да уплати сума во износ од __ 9,022,111__ денари за кој износ истиот добива

договорна камата од _8.07%_ со месечна исплата на истата.

**Член 5**

Овој договор се смета за потпишан од трите страни во моментот кога коинвеститорот бр.2 преку својот кориснички профил на СИ ГРОУП.МК ќе му ја уплате на коинвеститорот бр.1 цената наведена чл.3 од овој договор.

**Член 6**

Коинвеститорот бр.2 од овој договор гарантира дека сите податоци ќе се чуваат во тајност и ќе се обработуваат за целите во договорот и инвестицијата и нема да се споделуваат со трети лица.

**Член 7**

Одговорноста на инвеститорот и коинвеститорот бр.1 е ограничена до износот кој коинвеститорот бр.2 го плаќа кон коинвеститорот бр.1 согласно овој договор.

**Член 8**

Инвеститорот и коинвеститорот бр.1 му гарантираат на коинвеститорот бр.2 дека во случај на доцнење при исполнување на обврските од побарувањето од чл.3 повеќе од 30 дена инвеститорот гарантира со неговиот целокупен подвижен и недвижен имот

**Член 9**

Овој договор ќе се смета за раскинат во моментот на исполнување на страните или со заеднички договор помеѓу странките.

**Член 10**

Сите плаќања и останати активности согласно овој договор ќе се вршат согласно законските прописи и правила во државата и правилата на платформата СИ ГРОУП.МК.

| ИНВЕСТИТОР | КОИНВЕСТИТОР бр.1 | КОИНВЕСТИТОР бр.2 |
|---|---|---|
| ______________________ | ______________________ | __Ilija Dimovski__ |